# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д<br>18.10.2019 год.<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 54** |

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за давање согласност на одлуката за поделба на МЈП ”Проаква” Струга со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (комбинирана поделба). | **2** |
| **2.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на планот за поделба на МЈП ”Проаква” Струга и склучување на спогодба за присоединување кон ЈП Колекторски систем Скопје преку комбинирана поделба- раздвојување со основање и раздвојување со превземање. | **4** |
| **3.** | Одлука за поделба на МЈП ”Проаква”Струга преку комбинирана поделба- со раздвојување со основање и раздвојување со превземање | **6** |
| **4.** | Јавна објава | **8** |
| **5.** | Јавна објава | **8** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП ”ПРОАКВА” СТРУГА СО РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ (КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за поделба на МЈП ”Проаква” Струга со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (комбинирана поделба) , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.10.2019 година.

**Број 09-14333/6**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 517 став 4, член 518 став 3, член 519 став 1 и член 519 став 3 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 61/16, 64/18 и 120/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.10.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА” СТРУГА СО РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ (КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА)**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за поделба на МЈП „Проаква” Струга со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (комбинирана поделба) донесесна од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга бр. 02-1126/3 од 14.10.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14333/3**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 517 ст.4, член 518 ст.3, член 519 ст.1 и член 519 ст.3 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија„ бр.28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10; 24/11; 166/12; 70/13; 119/13; 120/13; 187/13; 38/14; 41/14; 138/14; 88/15; 192/15; 06/16; 30/16; 61/16; 64/18; 120/18 и 239/18) и на член 14 и член 21 од Статутот на МЈП Проаква Струга , Управниот одбор на МЈП"Проаква" Струга на седницата одржана на ден 14.10.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за поделба на МЈП”Проаква”Струга со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (комбинирана поделба)**

**Член 1**

**СЕ ВРШИ ПОДЕЛБА** на МЈП”Проаква”Струга преку комбинирана поделба - раздвојување со основање и раздвојување со превземање и тоа:

1. **РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ**
   **----ЈП Водовод Охрид-Охрид (**се основа ново Јавно Претпријатие);
   **----ЈП Водовод и канализација Струга-Струга** (се основа ново Јавно Претпријатие );
2. **РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕЗЕМАЊЕ**
   **-----РЕ Колектор** како дел од МЈП”Проаква”Струга **СЕ ПРЕЗЕМА со спогодба за присоединување кон ЈП Колекторски систем Скопје и со усвоениот план за поделба СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за преземање на РЕ Колектор со спогодба за присоеднување кон ЈП Колекторски систем Скопје.**

**Член 2**

Поделбата на МЈП Проаква Струга ќе биде извршена со датум на пресек на 30.06.2019 година.

Новонастанатите јавни претпријатија, како и ЈП кое превзема, станувaат субсидијарни солидарни должници согласно член 519 ст.3 од ЗТД.

**Член 3**

Имотот,средствата,вработените,правата и обврските поврзани со извршување на дејноста **на МЈП ПРОАКВА Струга** се делат на три дела согласно Планот за поделба на МЈП”Проаква”Струга.

Со спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, МЈП Проаква Струга престанува да постои без ликвидација, односно се врши универзален пренос на целиот нејзин имот и сите сите обврски на ново настанатите јавни претпријатија како и пренос на дел од средствата и обврските на ЈП Колекторски систем Скопје.

**Член 4**

Планот за поделба ќе го изготви и усвои МЈП”Проаква”Струга, а ќе биде верификуван од основачите.

Со цел спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, по верификувањето на планот за поделба од основачите ќе биде склучена Спогодба за присоединување со ЈП Колекторски систем Скопје.

**Член 5**

МЈП”Проаква”Струга продолжува да ги врши работите од дејноста согласно Статутот на МЈП”Проаква”Струга до основањето и уписот во Централен Регистар на Република Северна Македонија на ново основаните јавни претпријатија ЈП Водовод Охрид-Охрид и ЈП

Водовод и канализација Струга-Струга и преземањето на РЕ Колектор од ЈП „Колекторски систем„Скопје.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Гуѕимтар Рушани,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП ”ПРОАКВА” СТРУГА И СКЛУЧУВАЊЕ НА СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ КОН ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ ПРЕКУ КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА- РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на планот за поделба на МЈП ”Проаква” Струга и склучување на спогодба за присоединување кон ЈП Колекторски систем Скопје преку комбинирана поделба- раздвојување со основање и раздвојување со превземање, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.10.2019 година.

**Број 09-14333/7**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 517 став 4, член 518 став 3, член 519 став 1 и член 519 став 3 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 61/16, 64/18 и 120/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07,01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.10.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА” СТРУГА И СКЛУЧУВАЊЕ НА СПОГОДБА ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ КОН ЈП КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ ПРЕКУ КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА - РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на одлуката за усвојување на планот за поделба на МЈП „Проаква” Струга и склучување на спогодба за присоединување кон ЈП Колекторски систем

Скопје преку комбинирана поделба - раздвојување со основање и раздвојување со превземање, донесена од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга бр.02-1126/2 од 14.10.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14333/4**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 517 ст.4, член 518 ст.3, член 519 ст.1 и член 519 ст.3 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија„ бр.28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10; 24/11; 166/12; 70/13; 119/13; 120/13; 187/13; 38/14; 41/14; 138/14; 88/15; 192/15; 06/16; 30/16; 61/16; 64/18; 120/18 и 239/18) и на член 14 и чллен 21 од Статутот на МЈП Проаква Струга , Управниот одбор на МЈП"Проаква" Струга на седницата одржана на ден 14.10.2019 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за усвојување на Планот за поделба на МЈП”Проаква”Струга и склучување на спогодба за присоединување кон ЈП Колекторски систем Скопје преку комбинирана поделба-раздвојување со основање и раздвојување со превземање

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Планот за поделба на МЈП”Проаква”Струга преку комбинирана поделба -раздвојување со основање и раздвојување со превземање, со датум на пресек - 30.06.2019 година.

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** Раздвоениот дел од МЈП”Проаква”Струга -РЕ Колектор **ДА СЕ ПРЕЗЕМЕ** преку оваа комбинирана поделба (раздвојување со основање и раздвојување со превземање) со спогодба за присоеднување кон ЈП Колекторски систем Скопје.

Новонастанатите јавни претпријатија, како и ЈП кое превзема, стануваат субсидијарни солидарни должници согласно член 519 ст.3 од ЗТД.

**Член 2**

Имотот,средствата,вработените,правата и обврските поврзани со извршување на дејноста **на МЈП ПРОАКВА Струга** со датум на пресек - 30.06.2019 година ќе се ПОДЕЛАТ на три дела согласно планот за поделба на МЈП”Проаква”Струга.

**Член 3**

СЕ ПРЕНЕСУВААТ сопственоста и владението на имотот и средствата на МЈП ”Проаква”Струга што согласно Планот за поделба ќе припаднат на ново основаните претпијатија ЈП Водовод Охрид-Охрид и ЈП Водовод и канализација Струга-Струга и постоечкото ЈП „Колекторски систем„ Скопје, во моментот на спроведувањето на постапката за комбинирана поделба- раздвојување со основање и раздвојување со основање во ЦРСМ.

Со спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, МЈП Проаква Струга престанува да постои без ликвидација, односно се врши универзален пренос на целиот нејзин имот и сите сите обврски на ново настанатите јавни претпријатија како како и пренос на дел од средствата и обврските на ЈП Колекторски систем Скопје.

**Член 4**

Планот за поделба е составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Основачите на МЈП Проаква ја верификуваат оваа Одлука и Планот за поделба.

Со цел спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, по верификувањето на планот за поделба од основачите ќе биде склучена Спогодба за присоединување со ЈП Колекторски систем Скопје.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Гуѕимтар Рушани,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19, Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ ОДЛУКАТА ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП ”ПРОАКВА”СТРУГА ПРЕКУ КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА- СО РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поделба на МЈП ”Проаква”Струга преку комбинирана поделба- со раздвојување со основање и раздвојување со превземање , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.10.2019 година.

**Број 09-14333/8**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 518 став 3, член 519 став 1 и став 3 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 06/16, 61/16, 64/18 и 120/18), член 4-а од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 09/97, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15 ,61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 10/19), Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 18.10.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА” СТРУГА ПРЕКУ КОМБИНИРАНА ПОДЕЛБА – СО РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ОСНОВАЊЕ И РАЗДВОЈУВАЊЕ СО ПРЕВЗЕМАЊЕ**

**Член 1**

СЕ ВРШИ ПОДЕЛБА на МЈП „Проаква” Струга преку комбинирана поделба - со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (согласно член 517 став 4 од ЗТД) и тоа на следниот начин:

1.СЕ ОСНОВА ЈП Водовод Охрид-Охрид (настанува со основање на ново Претпријатие во постапка со раздвојување со основање)

2.СЕ ОСНОВА ЈП Водовод и канализација Струга-Струга (настанува со основање на ново Претпријатие во постапка со раздвојување со основање)

3.СЕ ПРИСОЕДИНУВА СО СПОГОДБА РЕ Колектор Струга кон ЈП Колекторски систем Скопје (ќе биде превземено со спогодба од страна на ЈП Колекторски систем Скопје во постапка со раздвојување со преземање)

Поделбата на МЈП „Проаква“ Струга ќе биде извршена со датум на пресек на 30.06.2019 година, а новонастанатите јавни претпријатија станувaат субсидијарни солидарни должници.

**Член 2**

Имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со извршување на дејноста на МЈП ПРОАКВА Струга се делат на три дела согласно Планот за поделба на МЈП „Проаква” Струга.

Со спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, МЈП Проаква Струга престанува да постои без ликвидација, односно се врши универзален пренос на целиот нејзин имот и сите обврски на ново настанатите јавни претпријатија, како и пренос на дел од средствата и обврските на ЈП Колекторски систем Скопје.

**Член 3**

СЕ ПРЕНЕСУВААТ сопственоста и владението на (подвижниот и недвижниот) имот и средства на МЈП ”Проаква” Струга што согласно Планот за поделба ќе припаднат на ново основаните претпијатија ЈП Водовод Охрид-Охрид и ЈП Водовод и канализација Струга-Струга и постоечкото ЈП „Колекторски систем,“ Скопје, во моментот на спроведувањето на постапката за комбинирана поделба - раздвојување со основање и раздвојување со основање во ЦРСМ.

**Член 4**

Со цел спроведување на поделбата преку комбиниран пристап, со оваа одлука со која се врши верификувањето на Одлука за поделба на МЈП”Проаква”Струга преку комбиниран пристап-со раздвојување со основање и раздвојување со превземање (комбинирана поделба) , бр.02-1120/3, донесена од Управниот одбор , на седница одржана на 14.10.2019 година и Одлука за усвојување на Планот за поделба на МЈП”Проаква”Струга и склучување на спогодба за присоеденување кон ЈП Колекторски систем Скопје преку комбиниран пристап - со раздвојување со основање и раздвојување со превземање(комбинирана поделба), бр.02-1126/2, донесена од Управниот одбор, на седница одржана на 14.10.2019 година, СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за склучување на Спогодба за присоединување (преземање) на РЕ Колектор (работна единица на МЈП”Проаква”Струга) кон ЈП Колекторски систем Скопје согласно усвоен план за поделба.

**Член 5**

Се ставаат вон сила и немаат правно дејство:

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на планот за поделба на на МЈП “Проаква” Струга со издвојување со основање на нови друштва бр.08-12066/54 од 15.08.2016 година;
- Одлуката за давање согласност на Одлуката за статусни промени на МЈП”Проаква”Струга бр.08-12902/4 од 17.09.2018 година;
- Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на планот за поделба на МЈП “Проаква” Струга со издвојување со основање на нови друштва бр.08-12902/3 од 17.09.2018 година, донесени од Советот на Општина Охрид;

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 14333/5**
**18.10.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Игор Шибакоски,од Охрид, улица „ Булевар Туристичка „ - број : 101/2/9„му се одобрува изградба на Индивидуален Стамбен Објект, со намена А1 -, со катност Пр на Кп.бр.3517/4 КО Охрид 4 согласно извод бр.20-14211/2 од 07.11.2017 год. за ДУП за дел од УЗ 13 дел од УБ 13.2 Опфат 1-(улица Будва и улица Винковачка) КО Охрид 4 Охрид плански период 2011-2016 донесен со одлука бр.07-2763/5 од 29.06.2012 год.

Голабоски Ристо ул.Пере Тошев бр.3 Охрид сопственик на Кп.3517/5 и Кп.бр.3517/1 КО Охрид 4 преку информации добиени од АКН Охрид се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на соинвеститорите Котеска Вера ул.Карпош Војвода бр.7 Охрид и РЕАЛ ИНВЕСТ ГРОУП ул.Маршал Тито бр.226 Струга„му се одобрува изградба на А2 - Домување во станбени згради од Втора категорија, со катност По2+По1+Пр+4к+Пк на дел од Кп.бр.11336/1, КО Охрид 2 согласно извод бр.10-4687/2 од 02.12.2013 год. за ДУП за УЗ 12 блок 12.1 донесен со Одлука бр.07-5280/44 од 23.09.2013 год.

Кепсер Кипаризовска Нукамп ул.Питу Гули бр.188 Охрид, Матевски Љубиша ул.Лазо Трпоски бр.59 Охрид, Аргирета Атева ул.Киро Ристоски Дрнц бр.2 Тетово, Рубаноски

Николче ул.Јане Сандански бр.28 Охрид, Ќаласан Милан ул.Фрањо Клуз бр.14 Скопје, Вељаноска Слободанка с,Косел Охрид, Спиркоски Маринко Австралија, Пара Велофски ул.Галичица бр.31 Охрид, Мерџаноски Дарко ул.103 бр.11 Тетово, Перлита Атева ул.Благоја Тоска бр.27 Тетово, Матовски Бошко ул.161 бр.4 Тетово, Јагода Матовска ул.161 бр.4 Тетово, Иваноски Тодор Скопје, Станкоска Слободанка с.б Црква, сопственици на Кп.11337 КО Охрид 2 преку информации добиени од АКН Охрид се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од денот на објавата да дојде во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да изврши увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**